Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-167/16 од 14.8.2012 година, донесена на 33. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 13.8.2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– проф. д-р Трајко Мицески - претседател,
– проф. д-р Круме Николоски – член,
– проф. д-р Ристе Темјановски – член.

Сите се вработени на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во насловно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област *МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА* на Економскиот факултет, од 6.7.2012 година, во дневните весници „Дневник” и „Лајм” и на официјалната веб-страница на УГД, се пријавија следниве кандидатки: д-р Јасминка Варналиева, доктор на економски науки и Симона Денкова, дипломиран економист

Согласно со условите предвидени во член 133 од Законот за високото образование, кандидатката Симона Денкова, дипломиран економист, не ги исполнува предвидените услови од наведениот член од Законот за високото образование, поради што Рецензентската комисија смета дека не треба да се земе предвид.

Комисијата одделно ги разгледа доставените документи од кандидатката и д-Р ЈАСМИНКА ВАРНАЛИВА и заклучи дека ГИ ДОСТАВИЛА СЛЕДНИВЕ ДОКУМЕНТИ:

– пријава;
– диплома за одбранет докторски труд (три копии заверени кај нотар);
– уверение за одбранет докторски труд (една копија заверена кај нотар);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда за познавање на англиски и на шпански јазик;
– список на публикации и истражувања (без приложни примероци);
– уверение за државјанство;
– изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата;
– Сертификат за CMC, Certified Management Consultant, издаден од ICMCI (International Council of Management Consulting Institutes);
– Сертификат за PMP, Project Management Professional, издаден од PMI Project Management Institute.

Од приложената документација на пријавениата кандидатка го презентираме следниов преглед:

**1. Д-р Јасминка Варналиева**

***Биографски податоци***

Од биографските податоци за **д-р Јасминка Варналиева** може да се прочита дека по завршувањето на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во јули 1983 година на отсекот Економска политика и развој го продолжува своето образование. Во јуни 2000 година го одбранува својот магистерски труд под наслов „Проблеми на постприватизацијата, преструктуирање на приватизираните претпријатија во Македонија“.

Во декември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „Конкурентноста на македонската економија низ призмата на иновации и апсорпција на знаење и технологија“.

Во моментот д-р Јасминка Варналиева е ангажирана како независен консултант во областа на конкуренција, иновации, менаџмент, развој на привтен и финансиски сектор и сл.

До крајот на јуни 2012 година, д-р Јасминка Варналиева е ангажирана на позицијата директор на Проектот за конкурентност, имплементиран од американската корпорација „Carana Corporation“ и финансиран од Американката агенција за меѓународен развој УСАИД.

Во приодот од 1998 до 2008 година, Јасминка е ангажирана во Канцеларијта на Светската банка во Р. Македонија, како специјалист за развој на приватен и финансиски сектор.

Од 1996 до 1998 година Јасминка работи како менаџмент-консултант во американската компанија „Crimson Capital“.

Својата кариера Јасминка ја започнува во 1984 година во областа на надворешно-трговско работење на „Макотекст“ експорт-импорт, а во 1989 во „Yucan Trade International“, на менаџерска позиција.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Од приложените биографски податоци може да се забележи дека кандидатката д-р Јасминка Варналиева не е вклучна во наставно - образовната дејност **и дека нема претходен избор во насловно звање доцент**, а како активност во научноистражувачка дејност, **достави само список на публикации и истражувања без притоа да се достават и оригинал од објавените научни и стручни трудови и тоа:**

- Докторска дисертација насловена „Конкурентноста на македонската економија низ призмата на иновации и апсорпција на знаење и технологија“, 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Магистерски труд „Проблеми на постприватизацијата, преструктуирање на приватизираните претпријатија во Македонија“, 2000, Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
- FESAL 2, Implementation Completion Report, World Bank 2003;
- PSD 2, Implementation Completion Report, World Bank 2003;
- Poland IDF Grant on Accounting and Auditing Reform, Implementation Completion Memorandum, World Bank 2008;
- Slovakia IDF Grant on Bankruptcy Reform, Implemntation Comletion Memorandum World Bank 2004;
- Capcity Building in Public Accounting in Albania, Croatia and Slovenia, Implementation Completion Memorandum, World Bank 2006;
- Slovakia IDF Grant on Accounting and Auditing, Implemntation Comletion Memorandum World Bank 2007;
- учествуво во публикации подготвени од тим.

**2.** Кандидатката **Симона Денков**, дипломиран економист, нема диплома за доктор на науки и според тоа не ги исполнува формалните услови наведени во Конкурсот за избор за неведеното звање.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

КАНДИДАТКАТА д-р ЈАСМИНКА ВАРНАЛИЕВА, доктор на економски науки (нема претходен избор во насловно звање доцент), според условите наведени во член 133 од Законот за високото образование не ги исполнува истите услови.

Додека кандидатката СИМОНА ДЕНКОВ, дипломиран економист, не ги исполнува предвидените формални законски услови од наведениот член од Законот за високото образование, нема диплома за доктор (таа е актуелна студентка на втор циклус на студии на МБА- менаџмент).

Имајќи ги предвид наведените констатирани недоследности и недостатоци, Рецензентската комисија смета дека и двете кандидатки не треба да се земат предвид за избор во насловно звање вонреден професор, согласно со условите наведени во распишаниот Конкурс.

Со оглед на тоа што при овој избор не можат да се задоволат барањата од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, а со оглед на поседување на докторска дисертација, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Штип, **кандидатката д-р Јасминка Варналиева да не се избере во насловното звање вонреден професор од научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Ристе Темјановски, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Круме Николоски, вонреден професор, член, с.р.**